**ПО ОДЛУКАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА МАКЕДОНИЈА ДА НЕ УЧЕСТВУВА НА ГОДИНАШНОВО ВЕНЕЦИЈАНСКО БИЕНАЛЕ**

# МИНИСТЕРОТ ДИМИТРОВ И СКУЛПТОРОТ ХАЏИ БОШКОВ БЕЗ КОМЕНТАР

***• СЛИЧНО ОТКАЖУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО УЧЕСТВО НА ОВАА НАЈПРЕСТИЖНА ЛИКОВНА МАНИФЕСТАЦИЈА ВО СВЕТОТ, СЕ СЛУЧИ, ВО 1995 ГОДИНА И ТОГАШ БЕШЕ ПРИМЕНО СО ГОЛЕМО НЕГОДУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА ЈАВНОСТ***

Скулпторот Петар Хаџи Бошков не сака да ја коментира одлуката на Министерството за култура, неговиот проект „Крајот на светот" како претставник на Македонија да не учествува на Меѓународното, 48 по ред Венецијанско биенале, најпрестижната ликовна манифестација во светот. Неофицијално дознаваме дека Хаџи Бошков очекува уште една средба со министерот за култура, Димитар Димитров, па потоа би излегол во јавност со свое видување на проблемот. Министерот, исто така, засега одбива да ја коментира оваа контроверзна одлука.

Министерството за култура, како што пишувавме, завчера, го цени за прескап проектот на Хаџи Бошков, за чија изведба и инсталирање се потребни 5,5 милиони денари, во однос на годишната буџетска стапка за ликовната дејност која изнесува 30 милиони денари.

Ако сè одеше по планот, годинешното учество на Петар Хаџи Бошков во Венеција ќе беше трето претставување на Македонија, како самостојна држава на една ваква значајна ликовна манифестација. Во 1993 година, македонски адути на Венецијанското биенале беа проектите на Глигор Стефанов и Петре Николовски, а пред две години, исто така, на оваа манифестација, нè претставуваше Анета Светиева со нејзиниот проект „Македонија пред Ѓото, Македонија денес". Во 1995 година Македонија немаше свој претставник во Венеција, поради пробивање на роковите околу закупување на отворен простор на Биеналето, зашто Македонија нема свој национален павилјон. Тогаш оваа одлука, како веројатно и годинешнава, (доколку не се промени) предизвика силно негодување и револт во македонската културна јавност. Венецијанското биенале, имено, е едно од клучните места на светската културна мапа, каде се презентираат дострелите на културата на една држава.



Л. Сабит



**ОД УТРЕ ВО КИНОТО „ЦЕНТАР" ВО СКОПЈЕ**

# ФИЛМСКА РЕВИЈА НА ОСКАРОВЦИ

Од утре во киното „Центар", со филмот „Животот е убав" на актерот и режисер Роберто Бењини, закитен со три оскари годинава, започнува пролетната филмска ревија на која до 1 април ќе бидат прикажани осум филма. Организатор на ревијата се „Градски кина".

Во петок ќе биде прикажан „Тенка црвена линија", со воена тематика во која главните улоги ги толкуваат Шон Пен, Ник Нолт и Џон Кјузак, а режијата е на Теренс Малик. Потоа следуваат: „За секогаш среќни-приказна за Пепелашка", со Анџелика Хјустон и Дру Баримор, режија на Енди Танант, „Ноќи исполнети со буги", со Берт Рејнолдс и Марк Велберг, на режисерот Пол Томас Андерсон. Репризно ќе биде прикажан годинашниот оскаровец за режија „Спасувајќи го војникот Рајан" на Стивен Спилберг, а потоа и францускиот филм „Такси", четвртиот дел од „Смртоносно оружје" со Мел Гибсон и Дени Гловер, во режија на Ричард Донер. За крајот е оставен најнаградуваниот оскаровец годинава „Вљубениот Шекспир" со Гвинет Палтроу, Џефри Раш и Бен Афлек, на режисерот Џон Мадсн.

Сите претстави почнуваат во 12, 17.30, 20.30, и 23 часот.

В. Ш.